MQS
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-1129/0

Република Северна Македонија
**Министерство за социјална политика, демографија и млади**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve**

-Сектор за социјална заштита- - Sektori i mbrojtjes sociale -

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено / Pranuar: 20-11-2025
| Орг. един. / Njësia Org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
|---|---|---|---|
| 49 | - 8758/4 | | |

Архивски број:10-6639/ 3
Датум: 11.11.2025 година 19-11-2025

До Влада на Република Северна Македонија

Сектор за анализа на политиките и координација
Одделение за соработка со невладини организации

Врска Ваш број: 49-8758/1 од 16.09.2025 година

Предмет: Доставување на мислење

Почитувани,

Во прилог на овој допис Ви доставуваме фотокопија од Мислењето по однос на Предлог иницијатива за годишната Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година, поднесена од страна на Здружение за лица со телесен инвалидитет Мобилност-Скопје од Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Со почит,

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
Бр.04-2154/1 од 07.03.2025 година
Drita Asllani

Изготвил: м-р Ана-Марија Циглењак Симоновска
Контролирал: м-р Слободанка Лазова Здравковска


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinisë e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

Архивски број: 10-6639/2
Датум: 11.11.2025 година
19-11-2025

До

- Здружение на лица со телесен инвалидитет „Мобилност"- Скопје
Ул. „11 Октомври" бр. 42/А, Скопје

Предмет: Мислење по однос на Предлог иницијатива за годишната Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година, поднесена од страна на Здружение за лица со телесен инвалидитет Мобилност-Скопје

Почитувани,

По однос на Предлог иницијативата доставена во електронска форма од страна на Здружението за лица со телесен инвалидитет Мобилност од Скопје до Владата на Република Северна Македонија, а врз основа на Кодексот за добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики и објавениот Повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата за 2026 година од страна на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за социјална политика, демографија и млади Ве известува за следното:

Согласно стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија Министерството за социјална политика, демографија и млади, по креирањето на Националната стратегија за правата на лицата со попреченост 2023 -2030 година и Акцискиот план за Националната стратегија за првата на лицата со попреченост 2023-2026 година како и Националната програма за развој на социјалната заштита 2022-2032 година продолжува интензивно да работи во насока на остварување на клучните стратешки цели во социјалната заштита.


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

Понатамошното делување низ партиципативен процес помеѓу институциите и граѓанските организации има за цел развој на ефикасен систем на социјална заштита со фокус на индивидуалните потреби на корисниците на социјалните права и услуги со тенденција за надминување на социјалните ризици, зајакнување и оспособување за независен, продуктивен и активен живот на корисниците, вклучувајќи ги и лицата со попреченост и нивните семејства. Во таа насока, стратегијата за правата на лицата со попреченост и системот на социјална заштита поставува амбициозни одредници за унапредување на правата на лицата со попреченост, темелејќи се на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост на Организацијата на Обединети Нации (ООН), Унија на еднаквост - Стратегија за правата на лицата со попреченост 2021-2030 на Европската Унија, како и Агендата 2030 и целите за одржлив развој, заедно со Акциски план 2023-2026 година.

Во изминатиот период преку зголемување на свесноста, препознавањето и признавањето на правата на лицата со попреченост и нивното прифаќање како еднакви граѓани во општеството е направен е значителен прогрес во процесот на унапредување на системот на социјална заштита кој ќе ги препознава правата на лицата со попреченост, ќе ги препознае и навремено елиминира можностите семејството на лице со попреченост и самото лице да се најде во ситуација на одреден социјален ризик, со вклучување и унапредување на социјалните права и нивно усогласување со трошоците за живот и социјалните услуги како фундаментална поддршка на животната заедница во непосредната локална заедница.

Министерството за социјална политика, демографија и млади ја препознава, поддржува и спроведува позитивната практика на учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политики, со цел оптимизирање на ресурсите и вклучување на што поголем број корисници – лица со попреченост во општествениот живот. Во таа насока, министерството со општините и лиценцираните даватели на социјални услуги воспоставува и развива социјални услуги во локалните заедници и обезбедува поддршка во работењето на Националниот сојуз на инвалидски организации.


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за социјална политика, демографија и млади**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve**

- Сектор за социјална заштита -
- Sektori për Mbrojtje Sociale -

Евидентно е дека предложената иницијатива има директно влијание врз тоа лицата со попреченост да живеат независен и самостоен живот во заедницата, што пак, се рефлектира врз елиминирање на можни бариери со кои се соочуваат лицата со попреченост од аспект на индивидуална и семејна продуктивност, генерирање на приход и грижа за себе.

По разгледувањето на доставената предлог иницијатива, Министерството за социјална политика, демографија и млади Ве информира дека нема забелешки по однос на прашањата кои се во рамки на законските надлежности на министерството и по однос на релевантноста и прифатливоста на истата дава позитивно мислење.

Со почит,

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
Бр.04-2134/1 од 07.03.2025 година
**Drita Asllani**

Изготвил: м-р Ана-Марија Циглењак Симоновска
Контролирал: м-р Слободанка Лазова Здравковска


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe e të

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk